**Репубика Северна Македонија** **ОДУ бр.1344/ 2025**

Нотар

Анета Петровска Алексова

За подрачјето на основните судови на Градот Скопје извод

26.05.2025 година

во 12:00 ( дванаесет) часот

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, со службено седиште на ул.„Никола Вапцаров" бр.3/1, надлежен за подрачјето на основните Судови на градот Скопје, на ден 26.05.2025 година потврдувам дека на Барање, присуствував на седница на Собранието на акционери на Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје, кое се одржа во деловните простории на Друштвото, на ул.Димитрие Чуповски бр.8 Скопје, со почеток во 12,00 (дванаесет) часот. --- Седницата на собрание на акционери се одржа без физичко присуство на акционери,односно,по пат на коресподенција,при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 , 384 и 400а од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот :-----------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------ЗАПИСНИК од годишната седница на СОБРАНИЕ на акционери на ------------

------------------------------ Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје--------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:--------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- **Тековна состојба** на Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје, со седиште на ул.Димитрие Чуповски бр.8 Скопје,од која утврдив дека Друштвото е запишано во Централен Регистар на Република Северна Македонија, ЕМБС 4054261(прилог)----------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-**Акционерската книга на** Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје**,** издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност печатен на ден 26.05.2025 година ,со ИСИН MKGRNT101015 со вкупно запишани акции 3.071.377 (тримилионноседумдесетиеднаилјадатристотиниседумдесетиседум) обични акции со номинална вредност по ХВ од 5 (пет) ЕУР, со вкупно број на гласови 3.071.377 (тримилиониседумдесетиеднаилјадатристотиниседумдесетиседум),со вкупен номинален капитал од 15.356.885(петнаесетмилионитристотинипедесетишестилјадииосумстотиниосумдесетипет) (прилог )----------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- **Јавен повик** објавен во дневното гласило "Нова Македонија" на ден 24.04.2025 година, со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на седница на Собранието на акционери на Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје(прилог)-------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-**Дополнување на Дневен ред** објавен во дневното гласило "Нова Македонија" на ден 30.04-02.05.2025 година, со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на седница на Собранието на акционери на Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје.(прилог)--------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р.

**-Извештај со список на акционери кои гласале по пат на писмена коресподенција,при што гласачките ливчиња ми беа доставени на увид (прилог)---------------------------------------**
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За работа на седницата на Собранието доставен е следниот дополнет предлог за :-------------**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД--------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
1.Отварање на Собранието---------------------------------------------------------------------------------------
-Утврдување на кворум(верификација на присутни учесници на Собранието)---------------------
2.Избор на Претседавач-----------------------------------------------------------------------------------------
-Избор на записничар и заверувачи на записникот-------------------------------------------------------
-Избор на бројачи на гласови--------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
II, РАБОТЕН ДЕЛ-------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
1.Годишна сметка на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.------------------------------------------
-Предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
2.Годишна сметка консолидираната на ГД Гранит АД Скопје за 2024 година. --------------------
-Предлог Одлука за усвојување на консолидираната годишната сметка на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.----------------------------------------------------------------------------------------
3.Финансиски извештаи за работењето на ГД,,Гранит,,АД Скопје во 2024 година.----------------
-Предлог одлука за усвојување на финансиските извештаи за работењето на ГД,,Гранит,,АД Скопје во 2024 година.-------------------------------------------------------------------------------------
4.Годишен извештај за работењето на ГД,,Гранит,,АД Скопје во 2024 година. ---------------------
-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај на ГД,,Гранит,,АД Скопје во 2024 година. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
5.Извештај на независен ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи за ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година. ---------------------------------------------------------------------
-Предлог одлука за усвојување на Извештаи на независен ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи за ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.---------------
6.Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 2024 година.---------------------------------------------------------------------
7.Годишен извештајот од Службата за внатрешна ревизија во 2024 година. Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештајот од Службата за внатрешна ревизија во 2024 година.-------
8.Предлог одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор на Друштвото-------------------------------------------------------------------------------
9.Избор на независен член на Надзорниот одбор--------------------------------------------------------------
10.Донесување на одлука за месечен паушал-надоместок за членовите на надзорниот одбор.---
11.Предлог одлуката за распределба на добивката на ГД,,Гранит,,АД Скопје.----------------------
12. Предлог-одлука за исплата на дивиденда за 2024 година. -------------------------------------------
13. Предлог Одлука за избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година.---------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието на акционери **го отвори** Марија Шеќероска, Претседавач од претходното Собрание, кој ги поздрави присутните Виолета Божиновска,Антонио Вељанов ,Катерина Ѓердовска и Гоце Христов, Босилче Блажевска, Калина Илкоска Недтковска констатираше дека нема присутни акционери со физичко присуство и започна со усвојување на Дневниот ред,односно,најнапред со Процедуралниот дел од Дневниот ред.------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р.

Појасни дека,согласно член 400-а од Законот за трговски друштва своето право на глас го искористиле голем дел од акционерите и гласањето го оствариле по пат на кореспонденција со што заклучно до 09 часот 26.05.2025 година пристигнати се 1.474.717 гласови по точките од дневниот ред за ова Собрание. Списокот на акционери кои го оствариле своето право на глас по пат на кореспонденција е изготвен од Управниот одбор,спореден со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност, 48 часа пред одржување на ова Собрание, кој се верификува од нотарот и Претседавачот на ова Собрание. Врз основа на верификација на учесници на ова Собранието со гласачките ливчиња по пат на кореспонденција, констатирам дека е обезбеден потребен кворум за работа на ова Собрание, односно претставени се вкупно 1.474.717 акции, што во однос на вкупниот број на акции со право на глас 2.770.204 претставува 53,24 %.Со оглед на тоа,согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, се констатира дека има кворум и се исполнети условите за законито работење и донесување на Одлуки на ова Собрание .------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Истакна дека дека Дневниот ред беше уредно дополнет со две нови точки од кои едната согласно Законот за трговски друштва претпоставува Записникот да го води нотар, по точките за избор на записничар и заверувач на зависникот нема да се гласа и констатираше дека на Собранието е присутен нотар Анета Петровска Алексова која ќе го води записникот од денешната седница на Собрание на акционети.--------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно процедуралниот дел од дневниот ред, предложи да се преминеме на втората точка – избор на Претседавач на денешното Собрание.Согласно добиените гласови по пат на кореспонденција за предлогот за повторен реизбор на минатогдишниот претседавач пристигнати се 1.474.717 гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа на резултатите од гласањето по пат на кореспонденција констатираше дека Марија Шеќероска ,родена на ден 25.05.1984 година,со место на живеење на ул.Венчамин Мачуковски бр.1А/1-33 Скопје,чиј идентитет го утврдив од увидот во личната карта М0924220 и со ЕМБГ2505984455013 издадена од МВР Скопје,е избрана за Претседавач на ова Собрание со 1.474.717 глaса „ЗА„ гласа „ПРОТИВ„ нема и „ВОЗДРЖАНИ" нема.----------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се продолжи со Процедуралниот дел од дневниот ред:--------------------------------------------
3. Избор на бројач на гласови-------------------------------------------------------------------------------------
Истакна дека за бројач на гласови за ова Собрание од акционер на Друштвото предложена е Калина Илкоска Недковска. Согласно добиените гласови по пат на кореспонденција за предлогот за Калина Илкоска Недковска како бројач на гласови пристигнати се 1.474.717 ЗА гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа на резултатите од гласањето по пат на кореспонденција, констатираше дека Калина Илкоска Недковска е избрана за бројач на гласови за ова Собрание, со 1.474.717 гласа „ЗА„ , „ПРОТИВ„ нема и „ВОЗДРЖАНИ" нема.-------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Како што е констатирано на почетокот, со оглед што на Дневниот ред има точка за која согласно ЗТД е утврдено дека записникот задолжително го води нотар, наведе дека записничар на ова собрание е Нотар Анета Петровска Алексова.--------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на работа по работниот дел од дневниот ред за денешното Собрание.----------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека предложениот дневен ред за денешното Собрание бил објавен во јавниот повик за Собранието и во дневен печат. За дневниот ред по пат на кореспонденција се произнеле со ЗА 1.474.717 ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Според гласањето, констатираше дека Дневниот ред е усвоен со 1.474.717 гласови и може да се отпочне со работа.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------.

**1.По првата точка од работниот дел од дневниот ред**-Усвојување на Годишна сметка на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година.Претседавачот Констатираше дека за предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка по пат на кореспонденција се произнеле со ЗА 1.474.717

---------------------------------

Претседавач с.р.

ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Според резултатите од гласањето, констатираше дека е донесена Одлуката за усвојување на годишната сметка за 2024 година и тоа:

**О Д Л У К А**

1. Со годишната сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за работењето во 2024 година утврдена е следната финансиска состојба:

| | |
|---|---|
| Вкупен приход | 3.843.186.160 |
| Вкупни расходи | 3.733.620.624 |
| Добивка пред оданочување | 109.565.536 |
| Данок на добивка | 0 |
| Нето добивка | 109.565.536 |

2. Составен дел на оваа одлука се Билансот на успех и Билансот на состојба.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

---

**2.По втората точка од работниот дел од дневниот ред** - Усвојување на консолидираната годишна сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2024 година, Претседавачот констатираше дека за предлог-одлуката за усвојување на консолидираната годишната сметка по пат на кореспонденција се произнеле со ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Според резултатите од гласањето, констатираше дека Одлуката за усвојување на консолидирана годишната сметка за 2024 година е усвоена и тоа:

О Д Л У К А

Со консолидираната годишна сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за работењето во 2024 година утврдена е следната финансиска состојба:

| | |
|---|---|
| Вкупен приход | 3.865.350.119 |
| Вкупни расходи | 3.826.651.785 |
| Добивка пред оданочување | 38.698.334 |
| Данок од добивка | 1.924.598 |
| Нето добивка | 36.773.736 |

Составен дел на оваа одлука се консолидиран Биланс на успех и Биланс на состојба.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

---

**3.По третта точка од работниот дел од дневниот ред** - Усвојување на Финансиски извештаи за работењето на ГД„Гранит„АД Скопје во 2024 година,Претседавачот констатира дека за Одлуката за усвојување на финансиските извештаи за работењето на Друштвото во 2024 година, по пат на кореспонденција се произнеле со ЗА 1.474.717 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Според резултатите од гласањето, констатираше дека Одлуката за усвојување на финансиските извештаи за работењето на Друштвото за 2024 е усвоена и тоа:

---------------------------------

Претседавач с.р.

О Д Л У К А

Се усвојуваат посебните и консолидираните финансиските извештаи за работењето на ГД Гранит АД Скопје во 2024 година.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.По Четвртата точка од работниот дел од дневниот ред** -Усвојување на Годишен извештај за работењето на ГД„Гранит„АД Скопје во 2024 година,Претседавачот истакна дека Годишниот извештај бил доставен на увид на акционерите.Констатираше дека по пат на кореспонденција за предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2024 гласале со ЗА 1.474.717 ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема..Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2024 година и тоа:

О Д Л У К А

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на ГД "Гранит" АД Скопје во 2024 година.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.По петтата точка од Дневниот ред-** Извештај на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи за ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година,Претседавачот истакна дека беа објавени и достапни за увид согласно законските барања. Претседавачот истакна дека по пат на кореспонденција за предлог одлуката за усвојување на Извештаи на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи за ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година се изјасниле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за усвојување на Извештаи на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи за ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година и тоа:-----------------------------

**О Д Л У К А**

1. Се усвојуваат Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидирани финансиски извештаи на ГД„Гранит„АД Скопје, за работењето во 2024 година.
2. Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД„Гранит„АД Скопје, за работењето во 2024 година се прилог на Одлуката.
3. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6.По шесттата точка од Дневниот ред** - Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година ,Претседавачот истакна дека до акционерите доставен бил Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година. По пат на кореспонденција за предлог одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година се изјасниле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година и тоа:------------------

---------------------------------

Претседавач с.р.

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје во 2024 година.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

---

**7.По седмата точка од работниот дел од Дневниот ред-**Усвојување на извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во 2024 година,Претседавалот истакна дека по пат на кореспонденција за предлог одлуката за усвојување на Извештајот од Службата за внатершна ревизија за 2024 година се изјасниле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за усвојување на Извештајот од Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и тоа:-------------

---

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

---

**8.По осмата точка од работниот дел од Дневниот ред-** Предлог одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор во 2024 година,Претседавачот појасни дека согласно ЗТД се гласа одделно.------------------------------------

---

**-За Страшо Милковски претседателот на Управниот одбор**.За одобрување на работата на претседателот на Управниот одбор, **Страшо Милковски** – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Страшо Милковски; ------------------------------------------------------------------------

-за **Зоран Милковски – член на Управен одбор.**За одобрување на работата на членот на Управниот одбор, Зоран Милковски – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на членот на Управниот одбор Зоран Милковски; ----------------------------------------------------------------------------------------

**-За Андреа Серафимовски– член на Управен одбор .**За одобрување на работата на членот на Управниот одбор, Андреа Серафимовски – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема .Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на членот на Управниот одбор Андреа Серафимовски;--------------------------------------------------------------------------------------

-**Катерина Ѓердовска– член на Управен одбор.** За одобрување на работата на членот на Управниот одбор, Катерина Ѓердовска – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на членот на Управниот одбор Катерина Ѓердовска; ----------------------------------------------------------------------------------------

**-Венко Зафиров– член на Управен одбор.** За одобрување на работата на членот на Управниот одбор, Венко Зафиров – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема .Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на членот на Управниот одбор Венко Зафиров;

-**Ивана Милковска Симева – Претседател на Надзорен одбор .**За одобрување на работата на

---------------------------------

Претседавач с.р.

Ивана Милковска Симева – Претседател на Надзорен одбор – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на Ивана Милковска Симева – Претседател на Надзорен одбор; ---------------------------------------------------

**-Виолета Божиноска – член на Надзорен одбор .**За одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Виолета Божиноска – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Виолета Божиноска;----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-Горан Марковски -надворешен член на Надзорен одбор.**За одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Горан Марковски – по пат на кореспонденција гласале ЗА 1.474.717 ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема .Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Горан Марковски;------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа ,беше донесена следната:-----------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор и членовите на Надзорниот Одбор

Во врска со водената расправа за Годишната Сметка, Финансиските Извештаи и Годишниот Извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје, за претходната деловна година, Собранието на акционери пристапи кон задолжително одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото, како и на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото.
На Собранието на акционери на ГД Гранит АД Скопје, се водеше расправа и се гласаше одделно за секој член на овие органи на Друштвото, при што Собранието ја одобри нивната работа и тоа:

На членовите на Управниот Одбор на Друштвото:

1. Страшо Милковски -Претседател на Управен Одбор
2. Зоран Милковски -Член на Управен Одбор
3. Катерина Ѓердовска -Член на Управен Одбор
4. Андреа Серафимовски -Член на Управен Одбор
5. Венко Зафиров -Член на Управниот Одбор

На членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото:

1. Ивана Милковска Симева -Претседател на Надзорен Одбор
2. Виолета Божиноска -Член на Надзорен Одбор
3. Горан Марковски -Независен член на Надзорен Одбор

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9.По деветтата точка од работниот дел од Дневниот ред-** Избор на независен член на Надзорниот одбор,Претседавачот истакна дека од причина што независниот член на Надзорниот одбор Горан Марковски има поднесено оставка до Собранието, ослободено е место во Надзорниот одбор за еден независен член. Од страна на акционерите, согласно член 72 од Статутот на друштвото, пристигнат е еден предлог за г-дин Александар Стојков.-----------
---------------------------------------------

Претседавач с.р.

Неговата кратка биографија и изјава за непристрасност и судир на интереси е дел од материјалите. Надзорниот одбор исто така изработи извештај за оценката на соодветноста на кандидатот кој исто така е дел од материјалите за денешната седница. По пат на кореспонденција за предлог одлуката за избор на г-дин Александар Стојков за независен член на Надзорниот одбор во ГД„Гранит„АД Скопје се изјасниле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа на пребројувањето на гласовите по пат на кореспонденција констатирам дека е усвоена Одлуката за избор на г-дин Александар Стојков за независен член на Надзорниот одбор во ГД„Гранит„АД Скопје. Со оглед на тоа ,беше донесена следната:------

**О Д Л У К А**
за избор на независен член на Надзорен одбор на
ГД„Гранит„АД Скопје

1. За независен член на Надзорниот одбор на ГД„Гранит„ АД Скопје, се избира лицето:

Александар Стојков со бр. на лична карта М1189300, како независен член.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае до истекот на мандатот на составот на Надзорниот одбор, односно до 11.05.2026 година.

3. Пријавата за упис во Централниот регистар, на избраниот член на Надзорниот одбор, ќе ја поднесе овластен регистратор од страна на Друштвото.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**10.По десеттата точка од дневниот ред**-.Донесување на одлука за месечен паушал-надоместок за членовите на надзорниот одбор,Претседавачот појасни дека со оглед на потребата од вклучување на соодветни исклучителни професионалци во Надзорниот одбор, за кои соодветно на времето, посветеноста и придонесот ќе се утврди правичен надомест, до органот кој го свика Собранието пристигната е и дополнителна точка за дневниот ред, која е усвоена со усвојувањето на дневниот ред од страна на акционерите денес. Предлог одлуката е дел од материјалите за која по пат на кореспонденција се изјасниле ЗА 1.462.607, ПРОТИВ 12.110, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа на пребројувањето на гласовите по пат на кореспонденција констатираше дека е усвоена Одлуката со мнозинство гласови за утврдување на месечен паушал-надоместок за членовите на Надзорниот одбор во ГД„Гранит„АД Скопје и тоа:--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**
за утврдување на месечен паушал-надомест на членовите на Надзорен одбор на
ГД„Гранит„АД Скопје

1.СЕ УТВРДУВА висина на месечен паушал-надоместок на членовите на Надзорниот одбор за учество и работа на редовните седници, како и за работа и одлучување на седниците кои се одржуваат без присуство, меѓу седници, во висина од 115% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

2.За учество и работа на седниците, како и за работа и одлучување на седниците без присуство, меѓу седници, на Претседателот му припаѓа месечен паушал – надоместок во висина од 120% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

3.Овие средства се трошоци од работењето на Друштвото

4.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се примени сметано од 01.06.2025 година.

**11.По единаесеттата точка од работниот дел од дневниот ред**-Предлог одлуката за распределба на добивката на ГД„Гранит„АД Скопје за 2024 година, со образложение е доставена во материјалите за ова Собрание,Претседавачот истакна дека врз основа на пребројувањето на гласовите по пат на кореспонденција за предлог одлуката за распределба на добивката на ГД„Гранит„АД Скопје се произнеле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за распределба на добивката на ГД„Гранит„АД Скопје и тоа:---------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

За распределба на добивката на ГД Гранит АД Скопје

1. Нето добивката по Годишната сметка за 2024 година на ГД „Гранит" АД Скопје, во износ од 109.565.536 денари се распределува :

   - Добивка за реинвестирање во износ од 109.565.536 денари

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**12. По дванаесеттата точка од работниот дел од дневниот ред-** Предлог-одлука за исплата на дивиденда за 2024 година,Претседавачот појасни дека Предлог одлуката е објавена согласно законските барања за материјалите за собрание.Согласно примените гласачки ливчиња по пат на кореспонденција за предлог одлуката за исплата на дивиденда за 2024 се изјасниле ЗА 1.474.717 , ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Врз основа од резултатите од гласањето констатираше дека е донесена Одлуката за исплата на дивиденда за 2024 година е донесена и тоа:---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

за исплата на дивиденда

1.Износот на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 38 денари.
2.Исплатата на дивидендата ќе биде од акумулираните нераспределени добивки остварени до 31.12.2008 година, во бруто износ од 105.267.752 денари.
3.Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2024 година е 04.06.2025 година.
4.Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2024 година е 05.06.2025 година.
5.Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2024 година е 09.06.2025 година.
6.Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2025 година.
7.Акционерите со право на исплата на дивиденда за 2024 година, да се известат за времето и начинот на исплатата на дивидендата.
8.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**13.По тринаесеттата точка од дневниот ред**- Избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година.Претседавачот истакна дека по пат на кореспонденција за предлог одлуката за Избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година се изјасниле ЗА 1.474.717, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека е донесена Одлуката за Избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година и тоа:---------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------

Претседавач с.р.

ОДЛУКА

1.За ревизија на годишната сметка, консолидираната годишна сметка, посебните финансиски извештаи и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит АД Скопје за 2025 година, се избира Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.

2.Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпување на точките од Дневниот ред , седницата на Годишното Собрание заврши со работата во 12.30 минути.----------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го составив и му го прочитав на Претседавачот на Седницата на Годишното Собранието Марија Шеќероска, кој потврди дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба.---------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го потпиша Претседавачот Марија Шеќероска.---------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со потишувањето на овој акт Претседавачот Претседавачот Марија Шеќероска потврдува дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието на акционери на Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје.--------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач Марија Шеќероска**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------с.р.

Потврдувам дека Записникот лично го составив на 10 (десет) листа на секој лист по една страна во три примероци од кои еден примерок за Централниот регистар на Република Македонија, еден за Градежно друштво ГРАНИТ АД- Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ова е прв извод,идентичен со изворникот кој се наоѓа во архивата на нотарот.----------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарска такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за Нотаријатот во износ од 500,00 денари е уплатена на трезорска сметка на Буџет на РС.Македонија.------------------------------------------------------------------------------------------ ---

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно член 41 и 54 од НТ е пресметана и наплатена во износ од 11.000,00 денари.----------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ број бр. 1344/2025
26.05.2025 година

нотар
Анета Петровска Алексова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ